<u>Образец бр.1</u>

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот | Предлог на Закон за задолжување на М-НАВ АД Скопје со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза без државна гаранција, по скратена постапка |
| Министерство: | Министерство за финансии |
| Лице за контакт/одговорно лице: | м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 12.07.2013 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | НЕ |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1.Кои се главните проблеми?

Воздухопловниот сообраќај во последните години се соочува со намалување на бројот на летови, односно бројот на летови е значително помал во споредба со тој во Европа. Гледани во целина сообраќај е повеќе сезонски во споредба со земјите од Европа. Поради тоа потребно е зголемување на капацитетот на летови на годишно ниво во воздухопловно информативниот регион Скопје.

Од таа причина, М-НАВ АД Скопје потребно е да ги преземе сите потребни меки во согласност со стандардите на Европската Авијациска Област како и правилата на Единствениот Воздушен Простор.

Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Со донесувањето на Законот за задолжување може да се пристапи кон склучување на Договорот за заем меѓу Европската банка за обнова и развој и М-НАВ АД Скопје со што се обезбедуваат потребните средства во износ од 11.150.000 евра за реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза.

Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Нема засегнати страни.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Податоци за финансиските услови на задолжување, начин и рок на отплата на заемот, надлежна институција која ќе го спроведува проектот.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Не се потребни други дополнителни информации.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Иницијална проценка на влијание на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Не.

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

1.Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

На 17.06.2013 година.

2.Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

Не.

3.Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

На 09.07.2013 година.

Г. Ресурси

1.Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?